Бр./Nr 12-4264/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

02-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознати подносители, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-тата седница одржана на 28.01.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-4264/1 од 14.12.2020 година, против раководство на правно лице, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување од причина што со пријавата не се опфатени службени лица во смисла на овој закон.

Предметот со број 12-4264/1 од 14.12.2020 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознати подносители, на ден 14.12.2020 година, поднесена е пријава против раководството на правно лице АД ---------------------- и оформен е предмет број 12-4264/1 од 14.12.2020 година.

Во пријавата подносителите, во својство на акционери, изнесуваат наводи дека раководството (без да бидат наведени конкретни лица) го распродава имотот, си ги качуваат платите без да работат ништо, ги вработуваат своите деца и ги ставаат на раководни позиции. Се наведува дека пензионерите/акционери не ги известуваат за таквите одлуки и не добиваат дивиденда и замолуваат да се провери ваквото криминално работење.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавените лица од правното лице не се службени лица во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk